# ЗАПИСНИК

Од одржаната 41-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 28.12. 2023г. со почеток во 09:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 членови на Советот на Општина Новаци, присутни беа 8 (осум) членови: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Вељановски и Наумче Смилевски.

На 41-та седница на Советот на Општина Новаци не присуствуваше советникот Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Оливера Димитровска – раководител, Николина Лозановска – советник, Мирјана Хаџиевска – советник и Катерина Чукалевска- советник.

Гостин на 41-та седница беше Марина Кузмановска, директор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 40-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2024 год.;
3. Разгледување на Предлог-Буџет на Општина Новаци за 2024 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2024 год. и донесување на Одлука;
4. Разгледување и усвојување на Образложение на Буџетот на Општина Новаци за 2024;
5. Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.;
6. Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2024 год.;
7. Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2024 год.;
8. Разгледување и донесување на Одлука за определување на висината на благајничкиот девизен максумум (10.000 евра);
9. Разгледување и донесување на Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2024 год.;
10. Разгледување и донесување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини на територијата на Општина Новаци за 2024 год.;
11. Разгледување и донесување на Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци;
12. Разгледување и донесување на Развоен план за комунални дејности на територијата на Општина Новаци за период од 2024 год. до 2026 год.;
13. Разгледување и донесување на Стратегија за млади за 2024-2029 година;
14. Разгледување и донесување на Одлука за спроведување на мерки за превентивна дезинсекција и системска дератизација за 2024 година;
15. Разгледување и усвојување на Програма за работа на МЈП „Пелалинк“- Битола за 2024 год.;
16. Разгледување и усвојување на Финансиски план за работа на ЈОУДГ „Бамби“- Новаци за период од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.;

17. Разгледување на Барање од Црквата „ Роженство на Пресвета Богородица“ –с. Бач ,за набавка и поставување на клима уред во капелата.
18. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 41-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени т.е предложи да не се разгледуваат точките бр.4, бр.8 и бр.14.

Советот на Општина Новаци со **<u>8 гласа за</u>** го прифати изменувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 41-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 15 (петнаесет) точки, со тоа што точката бр. 20 - Советнички прашања, преминува во точка бр.15

**1 точка** <u>Разгледување и усвојување на Записникот од 40-та седница на Совет на Општина Новаци</u>

По разгледувањето, Записникот од 40-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **<u>8 гласа за</u>**.

**2 точка** <u>Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2024 год.;</u>

Раководителот на финасиии, Оливера Димитровска детално го образложи Буџетскиот календар во кој се наведени буџетските активности со кои треба да се реализираат во оддредено време во текот на новата буџетска година.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **<u>5 гласа за и 3 гласа против</u>** го одобри Буџетскиот календар за 2024 година.

**3 точка**: <u>Разгледување на Предлог-Буџет на Општина Новаци за 2024 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2024 год. и донесување на Одлука;</u>

По однос на третата точка, раководителот на финасиии Оливера Димитровска, пред Советот даде објаснување дека Предлог-Буџетот претрпи минимални измени во однос на Нацрт-Буџетот и тоа во делот на финансиите од Програмата за родова еденаквост кои се зголемени од 20.000,00 на 40 000,00 ден. на барање на Комисијата за родова еднаквост. Исто така Димитровска даде и Образложение на Буџетот во кој ги наведе планираните извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Новаци во Буџетот за 2024 год.

По објаснувањето и кратката дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше така што со **<u>5 гласа за и 3 гласа против</u>** го усвои Буџет на Општина Новаци за 2024 год. и донесе Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

**4 точка**: <u>Разгледување и донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год;</u>

Советот на Општина Новаци по разгледувањето на Одлуката со **<u>5 гласа за и 3 гласа против</u>** донесе Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

**5 точка:** <u>Разгледување и донесување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2024 год.;</u>

Советот на Општина Новаци ја разгледа Одлуката со која вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2024 год. кој изнесува 81,6 денари.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци со **<u>8 гласа за</u>** донесе Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2024 год.

**6 точка:** Разгледување и донесување  на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2024 год.;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Одлуката со која вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно техничкиот персонал во Општина Новаци за 2024 год. кој изнесува 76,19 денари.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2024 год.

**7 точка:** Разгледување и донесување на Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2024 год.;

Советот на Општина Новаци ја разгледа Програмата во која се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување на локалните водоводи на подрачјето на Општина Новаци за наредната година во висина од 1.345.000,00 денари.

Советниците гласаа, така што со **8 гласа за** донесоа Програма за одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2024 год.;

**8 точка**: Разгледување и донесување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2024 год;

Советот ја разгледа Програмата, чија цел е одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Советот на Општина Новаци по рагледувањето, точката ја стави на гласање, така што со **8 гласа за** донесе Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2024 год;

**9 точка:** Разгледување и донесување на Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци;

Летка Јовановска - раководител, по однос на оваа точка зеде збор и пред советниците даде објаснување дека со ваквата Одлука се донесува опфат на урбанистички план вон населено место кој изнесува 17,62 ха и тоа за плански период од 2021 до 2025 год.

По кратката дискусија Советот на Општина Новаци со **8 гласа** донесе Одлука за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци.

**10 точка:** Разгледување и донесување на Развоен план за комунални дејности на територијата на Општина Новаци за период од 2024 год. до 2026 год.;

По однос на оваа точка Летка Јовановска - раководител, детално го презентира тригодишниот развоен план во кој се опфатени изградба и реконструкција на системи за водоснабдување, изградба на канализациони системи, собирање и депонирање на транспорт, одведување на отпадни води, изградба и реконструкцуија на патишта и улици.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Развоен план за комунални дејности на територијата на Општина Новаци за период од 2024 год. до 2026 год.

**11 точка**: Разгледување и донесување на Стратегија за млади за 2024-2029 година;

Катерина Чукалевска - советник пред Советот на Општина Новаци ја презентираше Стратегијата за млади која преставува 5-годишна визија за иднината на младите во Општина Новаци. При тоа потенцираше дека стратегијата има за цел да придонесе кон задоволни

млади луѓе кои живеат во своето место на раѓање, имаат квалитетен културен, активен и социјален живот, имаат исполнето слободно време со разни содржини и активно се вклучени во носењето на локални одлуки и имаат можност да се вработуваат или да започнат сопствен бизнис, согласно нивните потреби и интереси.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Стратегија за млади за 2024-2029 год.

**12 точка:** Разгледување и усвојување на Програма за работа на МЈП „Пелалинк"- Битола за 2024 год.;

Мирјана Хаџиевска- советник, ја презентираше Програмата за работа на МЈП „Пелалинк"- Битола во отсуство на директорот кој од оправдани приватни причини не беше во можност да присуствува на седницата. Имено за прв пат е воспоставена автобуска линија во правец Живојно-Битола и обратно за превоз на ученици и патници и за многу скоро ќе се воспостави автобуска линија Далбеговци – Битола. Во моментот се активни три линии за превоз на ученици и тоа по една линија од општина Новаци и Општина Могила до Битола и една линија низ Битола.

Советот на Општина Новаци по кратката дискусија со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ''Пелалинк" Битола за 2024 година.

**13 точка:** Разгледување и усвојување на Финансиски план за работа на ЈОУДГ „Бамби"- Новаци за период од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.;

По однос на оваа точка Марина Кузмановска – директор на ЈОУДГ„Бамби" Новаци , пред советниците накратко го презентираше Финансисккиот план според кој средствата добиени како блок дотации од Буџетот на РСМ изнесуваат 4.406,000,00 ден. Најголем дел од нив се наменети за плати и придонеси, додека за комунални услуги, греење и останати расходи останувaат 330.000,00ден што е многу малку. За надминување на финасиските потешкотиите изјави Кумановска, ќе мора да се црпат средства од самофинансирачка сметка каде што се уплатува надоместокот од родителите.

По кратката дискусија советниците гласаа, така што со **8 гласа за** донесоа Одлука за давање на Согласност на Финансискиот план за работа на ЈОУДГ ''Бамби" Новаци за период од 01.01.2024-31.12.2024 година

**14 точка:** Разгледување на Барање од Црквата „ Роженство на Пресвета Богородица" – с.Бач, за набавка и поставување на клима уред во капелата;

По разгледување и кратка дискусијата Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за набавка на клима уред за капелата во дворот на црквата ,,Рожденство на Пресвета Богородица,, во Бач.

**15 точка:** Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 41-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска